ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ТАНЧЕРИ СПОРТИСТИ

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се регулира:

- Регистрација и лиценцирање на танчери спортисти во спортските танци
- Трансфер на танчери спортисти од еден ТСК во друг ТСК
- Трансфер на танчери спортисти од ТСФМ во друга Национална Танцова Спортска Федерација во странство и обратно.

## II НАДЛЕЖНОСТ

Член 2

За регистрација и трансфер на танчери спортисти надлежен е Националниот Администратор на ТСФМ.

## III РЕГИСТРАЦИЈА НА ТАНЧЕРИ СПОРТИСТИ

Член 3

Условите и начинот на регистрација на танчери спортисти се пропишани во овој правилник и се задолжителни за сите ТСК членки на ТСФМ.

Член 4

Регистрацијата на танчери спортисти може да биде:

- Прва, кога танчерот спортист се регистрира прв пат
- Промена на регистрацијата кога танчерот спортист менува Танцова Организација

Член 5

Регистрацијата на сите танчери спортисти од член 1 на овој Правилник се спроведува со обрасци кои се составен дел на овој правилник.
При регистрација на танчерите спортисти, образецот го потпишува танчерот спортист и родителот или старателот доколку танчерот спортист е малолетен/а.

Член 6

Секој танчер спортист кој наполнил 4 годишна возраст може да се пријави и регистрира за ТСФМ.

Член 7

За регистрација на танчерите спортисти постои евиденција во базата на податоци во ТСФМ.
При првата регистрација секој танчер спортист добива регистрациски број во базата на податоци на ТСФМ.

Член 8

Со образецот за прва регистрација на танчерите спортисти ТСК до Националниот Администратор мора да приложи и Договор ако е потпишан помеѓу танчерот спортист и ТСК

Овластено лице на ТСК во базата на податоци внесува:
- ЕМБГ и датум на раѓање на танчерот спортист
- Фотографија со големина 150 x 200 до 1200 x 1600 пиксели (мора да се гледа лицето)
- Доказ за платена натпреварувачка лиценца
- Потврда за лекарски преглед од спортска медицина – способен за спортски тренинг и натпревари

ТСК има обврска да ги внесе сите наведени документи на танчерот спортист кој го регистрира во базата на податоци на ТСФМ. Внесувањето се однесува за сите танчери спортисти без разлика на нивото и танцовите дисциплини. Рокот за внесување на документите е најдоцна 10 дена пред одржување на танцовиот спортски натпревар на кој регистрираниот танчер спортист треба да се натпреварува. Во соработка со Националниот администратор, Координаторот за натпреварување ги контролира документите кои се внесени во базата на податоци за секој танчер спортист.

Член 9

ТСК може танчерот спортист од Б лига да го регистрира во А лига во секој момент доколку танчерот спортист ги исполнува условите пропишани во Натпреварувачкиот Правилник на ТСФМ. ТСК во соработка со Координаторот за натпреварување и Националниот администратор на ТСФМ води сметка за промените во однос на возраста и категоризацијата на танчерите спортисти.

## IV ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ТАНЧЕРИ СПОРТИСТИ

Член 10

Уредно регистриран танчер спортист со лиценцирањето стекнува право да настапува на танцовите спортски натпревари во организација на ТСФМ и право на регистрација во WDSF.

Право на настапи на меѓународни WDSF натпревари имаат танчерите спортисти кои се регистрирани во WDSF и имаат валиден WDSF ID број. Условите за добивање на ID број ги пропишува WDSF, а трошоците за издавање ги плаќа танчерот спортист. Постапката за регистрација се врши по правилата кои ги пропишува WDSF.

Член 11

За лиценцирање на танчерите спортисти ТСК до Генералниот секретар на ТСФМ мора да достави:
- Точен список на танчерите спортисти кои дале согласност за лиценцирање во наредната година
- Доказ за извршена уплата

Важечката потврда од спортска медицина дека танчерот спортист е способен за спортски тренинг и натпревари, ТСК ја внесува во базата на податоци.

Лиценцирањето на танчерите спортисти ТСК мора да го заврши најдоцна до 31.01. секоја календарска година.

Член 12

По проверката дали се исполнети условите за лиценцирање, танчерот спортист се активира во базата на податоци на ТСФМ која ја води и ажурира Националниот администратор.

Танчерот спортист мора да биде активен во базата на податоци минимум 10 дена пред одржување на танцовиот спортски натпревар.

Натпреварувачката лиценца важи од 01.01. до 31.12. во тековната година.
Доколку лиценцирањето за ново регистрирани танчери спортисти се изврши во текот на годината натпреварувачката лиценца има важност до 31.12. во тековната година.

## V РЕГИСТРАЦИЈА НА ТАНЦОВИ СПОРТСКИ ДВОЈКИ ВО СТАНДАРДНИ И ЛАТИНОАМЕРИКАНСКИ СПОРТСКИ ТАНЦИ

Член 13

Првата регистрација на танцовата спортска двојка или промена на танцовиот партнер се врши со регистрациски образец кој ТСК го доставува до Генералниот секретар на ТСФМ.

Уредно регистрираните танцови спортски двојки се внесуваат во базата на податоци на ТСФМ.

ТСК е должен да ја пријави промената на танцовата спортска двојка најдоцна 10 дена пред одржување на танцовиот спортски натпревар.

Доколку ТСК не ја пријави промената во ТСФМ, новоформираната танцова спортска двојка нема право да настапи на танцовиот спортски натпревар.

## VI РЕГИСТРАЦИЈА НА ТАНЧЕРИ СПОРТИСТИ ВО МОДЕРНИТЕ СПОРТСКИ ТАНЦИ

Член 14

Првата регистрација на солистите и тимовите или промена во составот, се врши со регистрациски образец кој ТСК го доставува до Генералниот секретар на ТСФМ.

Уредно регистрираните танчери спортисти се внесуваат во базата на податоци на ТСФМ.

ТСК е должна да ја пријави промената во составот на тимовите најдоцна 10 дена пред одржување на танцовиот спортски натпревар.

Доколку ТСК не ја пријави промената во ТСФМ тимовите немаат право на настап на танцовиот спортски натпревар.

## VII ОБРАЗЕЦ

Член 15

- Образец за регистрација на танчер спортист
- Образец за регистрација на танцови спортски двојки
- Образец за регистрација на солисти и тимови
- Образец за обновување и промена

## VIII ДОГОВОРИ

Член 16

Меѓусебните права и обврски на танчерот спортист и ТСК можат да се утврдуваат и регулираат со договор кој го потпишуваат танчерот спортист и овластениот претставник на ТСК во согласност со правилата и регулативите на ТСФМ, WDSF и Законот за спорт на РСМ. Доколку танчерот спортист е малолетен наведениот договор со ТСК го потпишуваат двајцата родители или старателите и мора да биде заверен во склад со законот.

Содржината на договорот ја одредуваат ТСК и танчерот спортист.

Договорот помеѓу танчерот спортист и ТСК се заклучува во писмена форма и се регистрира во ТСФМ. Во спротивно е неважечки.

Во случај на утврдување на неважечки, поништен, спогодбено раскинат договор или раскинат поради неисполнување на обврските во договорот ТСК е должен без одложување да го извести ТСФМ.

Танчерот спортист кој потпишал два или повеќе договори со различни ТСК е подложен на дисциплинска одговорност.

## IX ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА НА ТАНЧЕРИТЕ СПОРТИСТИ

Член 17

Танчерите спортисти можат во било кој период од годината да се пререгистрираат во друг ТСК. ТСК во кој танчерот спортист сака да премине, должен е да поднесе барање за промена во базата на податоци на ТСФМ.

Заедно со барањето потребно е да се достави:

- Исписница или доказ за раскинат договор со поранешниот ТСК
- Образец за обновување и промена на регистрацијата на танчерот спортист
- Доказ дека е платена лиценцата за тековната година (доколку танчерот спортист нема активна натпреварувачка лиценца)

Барањето за пререгистрација со комплетна документација се поднесува до Генералниот Секретар на ТСФМ.
За поднесеното барање одлука донесува Координаторот за натпреварување. Жалба на одлуката од Координаторот за натпреварување се поднесува до Управниот одбор во рок од 8 дена од приемот на одлуката. Одлуката на Управниот одбор е конечна и правосилна.

Член 18

Право на пререгистрација танчерот спортист има кога:

- Има испсница од матичниот ТСК или завршило времетраењето на натпреварувачката лиценца.
- го раскинал договорот со дотогашниот матичен ТСК
- матичниот ТСК згаснал или е излезен од членството во ТСФМ.

Член 19

Танчер спортист против кого е изречена дисциплинска казна или е покрената дисциплинска постапка, нема право на промена на ТСК до извршување на одлуката за казна односно до завршување на дисциплинската постапка.

Член 20

Матичниот ТСК кој на својот танчер спортист не му издала испсница во рок од 30 дена од денот на прием на барањето за испишување, обврзан е на барање на Координаторот за натпреварување, во рок од 7 дена, да се изјасни за статусот на танчерот спортист кој поднел уредно барање за добивање на испсница.

Доколку матичниот ТСК не се изјасни во пропишаниот рок Координаторот за натпреварување во координација со Националниот администратор ќе внесе промена во базата на податоци на ТСФМ за испишување од матичниот ТСК.

## X КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Повреда на одредбите на овој правилник подлежи на Дисциплинска одговорност во согласност со Дисциплинскиот правилник на ТСФМ.

## XI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Измени и дополнувања на овој правилник се вршат на ист начин и постапка како и нивното усвојување.

Член 23

Овој правилник стапува на сила со денот на неговото донесување 14.10.2020 и правилникот од 04.04.1999 година престанува да важи.

Скопје, 14.10.2020 година

Претседател на ТСФМ
Влатко Павлески